РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 0309-4
28.02.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До:

**Предмет:** **Одговор на анонимна претставка за информативната програма на телевизиите ТЕЛМА, КАНАЛ 5, АЛФА и АЛСАТ-М**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**

Почитувани,

Агенцијата прими анонимна претставка (наш бр. УПП 0309/4 од 19.02.2024 г.) во која „група граѓани“ реагираат дека се *видно вознемирени од скандалозното известување* (во информативната програма на телевизиите ТЕЛМА, КАНАЛ 5, АЛФА и АЛСАТ-М, н.з.) *за изборот на техничката Влада*, дека *не се споменува името на Талат Џафери како технички Премиер, ниту неговото експозе за програмата на техничката Влада, односно дека се избегнуваат неговите директни обраќања со лице и глас*. Покрај тоа, се сугерира дека *се цензурираат техничкиот Претседател на Владата и „кадрите“ на ДУИ кои се дел од техничката Влада, спротивно на јавниот интерес и дека со тоа се изразува албанофобија*.

Беше извршен увид во информативната програма на посочените телевизии кои емитуваат програма на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс. Бидејќи не е наведен точниот период и времето на емитување на кое се однесува Претставката, беа прегледани централните дневноинформативни изданија во деновите пред и по изборот на техничката Влада, односно периодот од 28 јануари до 2 февруари 2024 година од што може да се резимира следново:

- Од извршениот увид во информативните програми на ТВ Телма, ТВ Канал 5, ТВ Алфа и ТВ Алсат-М емитувани во посочениот временски период **се утврди дека Претставката е неоснована.**

- Сите посочени телевизии, во дневноинформативната програма, опсежно информираат за изборот на техничката Влада и за нејзиниот претседател Талат Џафери во повеќе прилози, во кои се содржани и негови директни обраќања, а некои од телевизиите обезбедиле и директни јавувања за настаните. При известувањето, тие опфаќаат повеќе тематски аспекти, директно и индиректно поврзани со изборот на техничката Влада и пренесуваат гледишта на повеќе страни, а притоа опфатени се и „за“ и „против“ аспекти. Уредничкиот пристап на телевизиите е различен, согласно нивната независна уредничка политика, и во некои прилози е содржан критички пристап, што е сосема легитимна позиција на медиумите. Со ова се побива наводот од Претставката дека телевизиите одбрале намерно да не емитуваат прилози поврзани со назначувањето на Талат Џафери за премиер во техничката Влада, туку напротив, тие известиле за настаните од јавен интерес за граѓаните.

- Од увидот во дневноинформативната програма се утврди дека сите посочени телевизии, без разлика дали имаат критички или афирмативен пристап за

изборот на техничката Влада, не тргнуваат од позицијата на националноста на премиерот Џафери за да може да се инсинуира „албанофобија", особено што меѓу посочените е и ТВ Алсат-М, првата приватна телевизија на државно ниво која емитува програма на албански јазик.

- Телевизиите ТЕЛМА, КАНАЛ 5, АЛФА и АЛСАТ-М ќе бидат писмено известени за Претставката и за наодите од извршениот увид во нивната програма.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**